# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општината Штип
Излегува по потреба

Број 6
14 мај 2026 година

СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 324. | Решение за објавување на Одлука за започнување на постапката за продажба на дел од акциите на друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 407 |
| 325. | Одлука за започнување на постапката за продажба на дел од акциите на друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 407 |
| 326. | Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1број 24-141 од 14.4.2026 година. | 408 |
| 327. | Записник за извршен (редовен/вонреден/контролен) инспекциски надзор ИП1број 23-194 од 05.05.2026 година. | 411 |

324.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА
ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ ОД АКЦИИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ
ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

I

Се објавува Одлука за започнување на постапката за продажба на дел од акциите на друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3541/2
14 мај 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

325.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а во врска со член 64 и 66 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 3 и член 81 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/05, 07/07, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18, 83/18, 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 мај 2026 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ
ОД АКЦИИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ
ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

Член 1

Општина Штип започнува постапка за продажба на 51% (педесет и еден процент) во пакет од вкупните 250 акции сопственост на Општина Штип, во друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД – Штип.

Член 2

Како заинтересирана страна за купопродажба на акциите се јавува лицето Salomon Frank Peter од Сојузна Република Германија.

Член 3

Се овластува градоначалникот на Општина Штип да започни со преговори за продажба на акциите и да ги превземе сите потребни законски дејствија со заинтересираниот купувач.

Продажбата на акциите ќе се изврши на Берзата согласно Законот за хартии од вредност.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3541 /1
14 мај 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседавач

Атанас Крстовски, с.р.

326.

Сектор за инспекциски надзор,
Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор

***ИП1број 24-141***
***од 14.4.2026 година***

**Записник за извршен вонреден инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 14.4.2026 година со почеток во 12:50 часот.

На 14.4.2026 година од страна на Општина Штип, Сектор за инспекциски надзор, Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор, преку Лазар Хаџи-Николов, општински комунален инспектор со службена значка и легитимација со број 33-0011, изврши вонреден инспекциски надозор над работењето на непознат сторител.

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Наредба бр.09-488/8 од 14.4.2026 година на градоначалникот на Општина Штип, со цел да се инспектира дали субјектот на надзор постапува согласно одредбата од член 14 став 1 алинеја 1 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024), односно дали на јавна површина има фрлено или оставено земја, отпадоци, остатоци од растенија (дрва, гранки) и сл.

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка ДА **НЕ**

При вонреден инспекциски надзор не се употребува листа за проверка.

При вонредниот инспекциски надзор инспекторот се легитимираше со службена значка и легитимација.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):

При увид на самото место и увид во информациски систем на Агенција на катастар на недвижности https://e-uslugi.katastar.gov.mk/imotenList/parcela/6914137/0/10/2021212 се утврди дека КП 3459/2 од КО Штип 3 запишана во ИЛ бр 100309 е земјиште во сопственост на Славчо Ристовски, односно истата не претставува јавна површина.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

Општинскиот комунален инспектоир нема надлежност да постапува на земјиште кое не преставува јавна површина.

На истата парцела постои изведено некатегоризиран пат.

Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

Нема да се изречат мерки, а за костатираниот изведен некатегоризиран пат, во смисла на член 52 став 5 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025 и 269/2025) ќе се достави извештај за утврдената фактичка состојба и наодите до општинскиот градежњн инспектор и до општинскиот инспектор за патишта.

---

Поради ова, врз основа на член 68 став 4 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025 и 269/2025) постапката **СЕ ЗАПИРА.**

По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** НЕ.

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор):

___________________________________________________________________________

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

___________________________________________________________________________

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 14.4.2026 година во 13:10 часот.

Прилози кон записникот:

- 1 фотографија од самото место

Согласно член 65 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025 и 269/2025) примерок од овој записник се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека се согласува со неговата содржина.

**м-р Лазар Хаџи-Николов, с.р.**
**советник комунален инспектор при Општина Штип**
**број на службена значка и легитимација 03-0011**



327.
Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќај и патишта
ИП1 број 23-194
Од 05.05.2026 година
Реден број на градежен дневник 34/2026

**Записник за извршен (редовен/<u>вонреден</u>/контролен/) инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 04.05.2026 година со почеток во 14:00часот.

На ден 04.05.2026 година од страна на Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќај и патишта преку Весна Зенделова, општински градежен инспектор, со службена легитимација бр.330005 се изврши инспекциски надозор над работењето на субјектот на надзор НЕПОЗНАТ со адреса НЕПОЗНАТА.

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Законот за градење (Сл.весник на РМ бр. 130/009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18,244/2019, 18/2020 и 279/2020, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25),
- Законот за инспекциски надзор(Сл. Весник на РСМ бр.135/2025 и 269/2025)

во врска со Извештај ИП 1 бр.23/25-141 оД 14.04.2026 година, доставен до општински градежен инспектор на ден 22.04.2026 година.

**При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка**: ДА **<u>НЕ</u>**

**Извршено е легитимирање на инспекторот со службена легитимација бр.330005** .

**При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба**):

**При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:**

Во врска со поднесен Извештај ИП 1 бр.23/25-141 од 14.04.2026 година, доставен до општински градежен инспектор на ден 22.04.2026 година, како и увид во водена постапка од страна на општински комунален инспектор, кој постапувал согласно Барање за увид налице место ИП 1 бр.23-141 од 03.04.2026година и по наредба број 09-488/8 од 14.04.2026 година издадена од страна на Градоначалникот на Општина Штип, е излезено на увид на предметната локација КП бр.3459/2 КО Штип 3.

На лице место не е утврдена градба, ниту било какви градежни активности.

**При инспекцискиот надзор не се констатирани неправилности:**

На лице место не е констатирана градба.

**Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:**

Врз основа на сето погоре наведено, а во согласност со член 68 став 4 од Законот за инспекциски надзор ПОСТАПКАТА СЕ ЗАПИРА.

По завршување наинспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на надзор: ДА **НЕ**

Согласно чл.65 ст.3 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/2025 и 269/2025), Записникот е изработен во службените простории на Градежната Инспекција поради електронската обработка и вметнување на материјалните докази за констатираната состојба.

**Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот**:

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор)

____________________________________________________________________________________________

**Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:**

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

**Инспекцискиот надзор е завршен на ден 05.05.2026 година во 10:20часот.**
**Прилози користени кон записникот:**

- Фотографии

Весна Зенделова д.и.а. с.р.
Општински Градежен Инспектор Штип
сл.лег.бр. 330005

